| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.1 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Убавините на мојата земја***<br><br>***(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)*** | Ги наведува трите најголеми природни езера во РСМ според големината и ги покажува на географската карта на РСМ | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Активностите за наредните неколку часа се одвиваат во група, учениците истражуваат, изработуваат книга за РСМ<br>Учениците одговараат на прашања<br>-Дали знаете некои природни убавини во нашата држава?<br>-Набројте некои...<br>-Каде сте слушнале за нив?...<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците (поделени во групи) прават книги под наслов „Ја сакам мојата земја“. Секоја група, за секоја од следните теми прави истражување на интернет (може да користат и Google Earth), избираат фотографии за книгата и пишуваат сосема куси текстови за Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро пишуваат кус текст во кој ги споредува по големина, ги илустрираат со фотографии и на слика од картата на РСМ ги обојуваат со фломастери. | Карта<br><br>Интернет конекција<br><br>Фотографии | Усни одговори поврзани со стандардите и ангажираност во активностите<br><br>Придонес во изведување заклучок |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се презентираат изработените задачи и се води дискусија.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** час бр.2 | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Убавините на мојата земја***<br><br>***(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)*** | Ги наведува трите највисоки планини во РСМ според висината и ги покажува на географската карта на РСМ | 2 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања<br>-Дали знаете некои планини во нашата држава?<br>-Набројте некои...<br>-Каде сте слушнале за нив?...<br>-Дали знаете која е највисока планина?<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците (поделени во групи) прават книги под наслов „Ја сакам мојата земја“. Секоја група, за секоја од следните теми прави истражување на интернет (може да користат и Google Earth), избираат фотографии за книгата и пишуваат сосема куси текстови за Кораб, Шар Планина и Баба пишуваат кус текст во кој ги споредуваат по висина, ги илустрираат со фотографии и на слика од картата на РСМ ги заокружуваат со фломастери<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се презентираат изработените задачи и се води дискусија.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за | Карта<br><br>Интернет конекција<br><br>Фотографи и<br><br>Работна тетратка | Усни одговори поврзани со стандардит е и ангажиран ост во активности те<br><br>Придонес во изведувањ е заклучок |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** час бр.3 | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Убавините на мојата земја***<br><br>***(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)*** | Го опишува текот на реката Вардар преку изворот и градовите низ кои тече и го покажува на географската карта на РСМ. | 3 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања<br>-Дали знаете некои реки во нашата држава?<br>-Набројте некои...<br>-Каде сте слушнале за нив?...<br>-Дали знаете која е најдолга река во нашата држава?<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците на карта ја наоѓаат најдолгата/најголемата река во државата, го повторуваат течението и пронаоѓаат градови низ кои тече реката Вардар. Во група прават интернет истражување за должината, изворот и каде се влева реката Вардар.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се презентираат изработените задачи и се води дискусија.<br><br>**Рефлексија**<br><br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во | Карта<br><br>Интернет конекција<br><br>Фотографии<br><br>Работна тетратка | Усни одговори поврзани со стандардите и ангажираност во активностите<br><br>Придонес во изведување заклучок |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | секојдневен живот?<br>Домашна задача : Го забележуваат на нема карта (во работната тетратка) течението на Вардар и ги обележуваат градовите низ кој минува. | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **JA САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** час бр.4 | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Убавините на мојата земја***<br><br>***(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)*** | Ги наведува националните паркови во РСМ, ги покажува на карта и објаснува зошто се прогласени за национални паркови. | 4 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците сложуваат испревртени зборови за да добијат поим- национален парк.<br>-Дали знаете која област во нашата држава е национален парк?<br>-Набројте некои...<br>-Каде сте слушнале за нив?...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Кратко, преку презентативнаа приказна, се објаснувввт елементите кои ја обележуваат областа – Национален парк.(уникатни предели, ретки животни, ретки растенија, заштитени со закон да не се уништуваат природните единствености, наменети за еко-активности, прошетки...)<br><br>Учениците поделени во група, истражуваат за Маврово, Галичица, Пелистер и Шар Планина пишуваат кус текст со кој објаснуваат зошто се националните паркови и по што се најпознати и ги илустрираат со фотографии.<br><br>Истражувањата можат да ги забележуваат во работната тетратка<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се презентираат изработените задачи и се води дискусија. | Карта<br><br>Интернет конекција<br><br>Фотографи и<br><br>Работна тетратка | Усни одговори поврзани со стандардит е и ангажиран ост во активности те<br><br>Придонес во изведувањ е заклучок |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.5 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Убавините на мојата земја***<br><br>***(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)*** | -Наведува и опишува најмалку две туристички дестинации во РСМ од различна природа. | 5 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Предизвик за мотивација- препознавање на презентација фотографија/фотогргаии со луѓе што се сончаат на плажа и се капат во вода и други на луѓе што се скијаат и се санкаат на планина. Фотографиите ги користи за да ги поттикне учениците, поделени во групи, да наведуваат примери на сопствени или туѓи искуства за тоа што вообичаено се прави на летување и на зимување.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците ги запишуваат препознаените дестинации од претходната активност и ги класифицираат (зима-лето) со назнака : Каде во РСМ се оди на летување, односно на зимување (можност за специфични објекти, заради препознавање, доколку некој го посетил тоа туристичко место). Низ отворена дискусија се заклучува дека најчести дестинации за летување се Охрид, Струга, Дојран, Преспа, а најчести дестинации за зимување се Шапка, Маврово, Крушево и Пелистер. Овие дестинации наставникот ги запишува (за дополнување) на табла, а учениците бараат фотографии за нив на интернет. На крајот од часот учениците решаваат задачи од работна тетратка<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се читаат изработените задачи и се води дискусија.<br><br>**Рефлексија** | Презентациј а подготвена од наставникот<br><br>Фотографии<br><br>Интернет конекција<br><br>Работна тетратка | Усни одговори<br><br>Писмени одговори - Решенија во работна тетратка<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="3">Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева</td><td colspan="3">ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: ОПШТЕСТВО - III одд.</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема 3– ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА час бр.6</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Убавините на мојата земја<br><br>(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)</td>
<td>-Наведува најмалку две други природни убавини во РСМ и објаснува зошто се сметаат за природни убавини.</td>
<td>6</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Мотивирачка асоцијација преку која учениците ќе ги повторат стекнатите знаења на претходните часови
<table>
<tr><td>извор</td><td>пасишта</td><td>Охрид</td><td>лековито</td><td>Рис</td></tr>
<tr><td>течение</td><td>скијачки центар</td><td>летување</td><td>Молика</td><td>Шарпланинец</td></tr>
<tr><td>Вардар</td><td>шуми</td><td>Дојранско...</td><td>кислород</td><td>заштитено</td></tr>
<tr><td>река</td><td>планина</td><td>езеро</td><td>растение</td><td>животно</td></tr>
<tr><td colspan="5">Природни убавини</td></tr>
</table>
<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците во група истражуваат на интернет за други природни убавини (освен веќе научените езера, планини, реки) во РСМ (пр. Смоларски водопади, Матка, Галичник). Секоја група презентира пред другите кои други природни убавини ги открила и се прави нивна листа. Сите ученици заедно одлучуваат кои од природните убавини подетално ќе ги прикажат и секоја група добива да работи на една од нив. При тоа учениците од групата се стават во улога на туристички агент кој ќе им ја претстави „својата“ природна убавина на туристи за да ги привлече да ја посетата.<br>За таа цел подготвува промотивен материјал што содржи илустрации и краток текст. На крајот се прави изложба од подготвените материјали на хамер.</td>
<td>Интернет конекција<br><br>Фотографии<br><br>Хамер</td>
<td>Усни одговори<br><br>Учество во групна активност<br><br>Практични изработки на учениците од претходните часови</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се презентираат изработките и се ставаат на видно место на пр. ходникот во училиштето, за да бидат достапни и на другите ученици.<br><br>**Рефлексија**<br><br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.7 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Во мојата држава се учи на различни јазици***<br><br>***(македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик, босански јазик)*** | -Ги наведува јазиците на наставата во основното образование.<br><br>-Го наведува името на државата Република Северна Македонија на најмалку два од наставните јазици. | 7 | **Воведни активности – активирање на предзнаења.**<br>Учениците одговараат на прашања:<br>-Дали знае/има другари/другарки кои зборуваат на различен јазик од македонскиот?<br>-Дали знае некој збор/зборови на дуг јазик кој се зборува во нашата држава?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот користи аудио-визуелни презентации за називот на државата Република Северна Македонија за секој наставен јазик посебно –секоја презентација го содржи текстот на називот напишан со оригиналното писмо, проследен со изговарање.<br><br>Прво ја прикажува секоја од петте презентации една по друга, кажува на кој јазик е прикажаниот назив, по што сите ученици истовремено го повторуваат називот на државата на презентираниот јазик.<br><br>Потоа, секој ученик добива комплет од картончиња (А5 формат, по можност во различни бои)– на секое од нив (со големи димензии) е напишана по една од следните букви: М, А, Т, С и Б, што ги претставуваат првите букви од јазиците на наставата во основното образование. Наставникот ги прикажува повеќе пати називите на државата на различните јазици со различен редослед и по секој прикажан назив, секој ученик дига една од буквите преку кои го идентификуваат | Презентациј а подготвена од наставникот<br><br>Фотографии<br><br>Интернет конекција<br><br>Работна тетратка | Усни одговори<br><br>Писмени одговори - Решенија во работна тетратка<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | јазикот и сите што точно го идентификувале добиваат можност истовремено да го повторат називот на државата на соодветниот јазик.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.8 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Во мојата држава се учи на различни јазици***<br><br>***(македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик, босански јазик)*** | Се поздравува и се претставува на друг наставен јазик, различен од јазикот на кој учи во училиште | 8 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците поединечно се претставуваат со име и презиме, адреса на живеење, град/село, училиште во кое учат, држава во која живеат<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот користи аудио-визуелни презентации во кои деца на основношколска возраст – секое дете (по едно момче и едно девојче) се претставува на некој од наставните јазици на тој начин што кажува: „Здраво. Јас сум [името, без презимето], од [местото на живеење]“. Се препорачува за место на живеење при претставувањето да се избере местото во кое е лоцирано училиштето. Прво ја прикажува секоја од десетте презентациите една по друга, кажува на кој јазик е, по што сите ученици истовремено гласно го повторуваат претставувањето. Потоа учениците играат квиз. Откако ќе се поделат во групи, секоја група добива комплет од картончињата подготвени за претходната активност. Наставникот им ги прикажува презентациите во измешан редослед (повеќекратно) и по секое прикажано претставување групите добиваат кратко време да го идентификуваат јазикот и интерно да го вежбаат претставувањето. По изминување на времето секоја група го дига картончето што го одредува јазикот и сите од групата се претставуваат на истиот начин. Секоја група за точната идентификација на јазикот добива по 3 поени и за точното претставување на соодветниот јазик добива по 5 поени. Победува групата што ќе собере најмногу | Презентациј а<br><br>Картончиња за квиз прашања | Учество во групна активност<br><br>Усни одговори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поени<br><br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.9 и 10 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Што можам да направам за мојата земја*** | Ги наведува следните начини на кои и децата може да придонесат за земјата: да ја чувам природата, да стекнам образование, да ги почитувам различните од мене и да помагам кога е потребно<br><br>*- Објаснува (преку примери) како децата треба да ја чуваат природата (да не ја загадуваат природата и да ги штедат ресурсите)<br><br>- Објаснува (преку примери) како стекнувањето образование придонесува за развој на земјата | 9<br><br>2 часа (после довате лни)<br><br>10 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се делат во групи и го разгледуваат работниот лист со објаснења за активностите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во четири групи добиваат работен лист со наслов „Како можам да придонесам за мојата земја“, во кој се наведени следните четири начини (и под секој од нив е оставен простор за пишување): Можат да се обработат и примери од учебникот<br>*(1) Чување на природата: заштита на природата и штедење на ресурсите,<br>(2) Стекнување образование – стекнување професија преку образованието<br>За секој од обработените начини (еден по еден) групите го читаат одговорот и, пред да се премине на следниот<br>--------------------------------------------------------------------------------<br>*(3) Почитување на различните – на оние што зборуваат на друг јазик, што имаат поинакво мислење или не можат да прават нешто што можат другите<br>(4) Помагање на оние на кои им греба помош. Задача на групите е под секој начин да наведат конкретни примери на однесување што покажуваат како децата може да придонесат во секој од нив.<br>За секој од четирите начини (еден по еден) групите го читаат одговорот и, пред да се премине на следниот, заеднички ги резимираат наведените примери. На крајот, секоја група добива да изработи постер со илустрации и кус текст за еден од начините на однесување. | Учебник<br><br>Работен лист „Како можам да придонесам за мојата земја“<br><br>Хамери за секоја тема (1,2,3,4)<br><br>(изработка на 2 час) | Усни одговори<br><br>Писмени одговори – решенија<br><br>Учество во групни активности<br><br>Помагање во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *- Објаснува (преку примери) како децата можат да ги почитуваат другите што се различни од нив (оние што зборуваат на различен јазик, што мислат поинаку од нив, или не можат да прават нешто што можат другите).<br><br>- Објаснува (преку примери) како децата можат да им помагнат на оние на кои им треба помош | | Активностите се одвиваат на два последователни часа<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се читаат изработените задачи и се води дискусија.<br><br>**Рефлексија**<br>• Што правевме?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

Предлог  илустрации-






(1) Чување на природата: заштита на природата и штедење на ресурсите,

(4) Помагање на оние на кои им треба помош.

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.11 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Мојата држава е поврзана со светот***<br><br>***(аеодром, пристаниште, железничка станица, автобуска станица, граничен премин, пасош, интернет, телефон, таблет, комјутер*** | Наведува на кои сè начини може да се патува од нашата држава во другите држави во светот.<br><br>-Опишува како се поминува граница кога се патува со различни превозни средства. | 11 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања:<br>-каде би сакал да патуваш надвор од нашата држава?<br>-со кое превозно средство до сега си патувал? (воз, автобус, авион, брод, автомобил)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците поделени во групи добиваат една картичка со слика од некоја дестинација во соседните земји или во светот (пр. Лондон во Велика Британија, Њујорк во САД, Приштина во Косово, Банско во Бугарија, Крф во Грција, итн). Со помош на Google Maps определуваат колку е „нивната“дестинација разделечена од нашата држава и како може да се стигне до таму.<br>На посебен работен лист заокруваат по еден од понудените одговори што се однесуваат на превозното средство што може и/или мора да се<br>користи за да се стигне до таму (автомобил, автобус, воз, авион, брод), од каде се тргнува (дома, автобуска, станица, железничка, станица, аеродром, пристаниште).<br>Секоја група го презентира сработеното и низ дискусја се заклучува дека превозното средство што ќе се користи зависи од местото каде се патува и од растојанието до тоа место.<br>Наставникот поведува дискусија како изгледа пасошот (на корицата го има името на државата, содржи фотографија и податоци за сопственикот), зошто мора да се носи пасош кога се патува во странство и како и каде се користи (на граничен | Картички со фотографии /слики<br><br>Интернет конекција<br><br>Работен лист<br><br> | Учество во групна активност<br><br>Решенија во работен лист<br><br>Усни презентаци и, одговори |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | премин му се дава на одговорниот полицаец). Учениците што некогаш поминале граница ги кажуваат своите искуства на граничните премини. На крајот се заклучува дека пасошот е документ кој служи за идентификација на лицето што патува во странство и за забележување кога и каде лицето патувало.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО - III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 3– **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.12 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| ***Мојата држава е поврзана со светот***<br><br>***(аеодром, пристаниште, железничка станица, автобуска станица, граничен премин, пасош, интернет, телефон, таблет, комјутер*** | Објаснува како се поврзуваат луѓето од различни земји преку интернет. | 12 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците слушаат мотивирачка приказна за патување, посета на некој град или држава со нејзини знаменитости. Пример: *Арменд учи шпански јазик во приватно училиште. Нивната наставничка организираше патување во Барселона за учениците. Арменд беше многу возбуден, првпат ќе патува со авион. Татко му го одвезе на аеродромот во Скопје. Сите ученици требаше да поминат на пасошка контрола и контрола за багажот. Потоа се качија во авионот. Летот траеше околу три часа. На аеродромот во Барселона повторно ги проверија пасошите. Таму поминаа*<br>*неколку незаборавни денови. Го посетија „Камп Ноу“, фудбалскиот стадион во Барселона. Ја посетија катедралата Саграда фамилија и го видоа прекрасниот парк Гуељ. Посебно задоволство беше разгледувањето на Аквариумот на пристаништето во Барселона. Арменд беше презадоволен од ова ново искуство.*<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се поведува дискусија со учениците како, без да патуваат, можат да ги запознаат истите дестинации од претходната активност. (пр. Лондон во Велика Британија, Њујорк во САД, Приштина во Косово, Банско во Бугарија, Крф во Грција, итн).<br><br>Откако ќе се заклучи дека тоа може да се направи со користење на интернет дискусијата продолжува околу уредите кои овозможуваат да се користи интернетот (телефон, таблет, компјутер). | Интернет конекција – телефон, таблет, компјутер | Усни одговори<br><br>Помагање во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците, поделени во групи, со користење на некој од уредите, виртуелно го посетуваат по избор: Дизниленд во Париз, Селото на Попај и Олива во Малта, Националниот парк Плитвички Езера во Хрватска...<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се презентираат импресиите од виртуелното патување и се води дискусија.<br><br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: **ОПШТЕСТВО** | | | | | |
| Наставна тема 3 **ЈА САКАМ МОЈАТА ДРЖАВА** | | | час бр.13 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| -Убавините на мојата земја<br><br>(Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Кораб, Шар Планина, Баба, Вардар, национален парк, Маврово, Галичица, Пелистер, Шар планина, туристичка дестинација, скијачки центар, Шапка Маврово, Крушево, Охрид, Струга, Преспа, Дојран, водопад)<br><br>-Во мојата држава се учи на различни јазици<br><br>(македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик, босански јазик)<br><br>-Што можам да направам за мојата земја<br><br>-Мојата држава е поврзана со светот<br><br>(аеодром, пристаниште, железничка станица, автобуска станица, граничен премин, пасош, интернет, телефон, таблет, комјутер) | -Скор на тестот на знаења 80% од оценка<br><br>-усни одговори од активностите на часовите 20% од оценката | 13 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се воведуваат во оценување на наученото од темата со презентирање и објаснување на барањата/задачите од тестот на тема „Ја сакам мојата држава “<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците добиваат тест на знаења со не повеќе од 20 прашања, изготвен од наставникот. Прашањата се прилагодени според нивоата на усвоеност по Блумова таксономија, како сите ученици реално би го покажале степенот на усвоени знаења според стандардите.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се води разговор, за  конкретност на задачите, лесно/тешко, како и добиени резултати на тестот.<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Тест со изготвени прашања од наставникот | Решенија на тест задачите<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |